Центар за развој на медиумите на заедниците “МЕДИУМ
Qendra për Zhvillimin e Mediave të Bashkësive ”MEDIUM”
Center for Media Community development “MEDIUM”

**Упатство за оценување и избор на понудувачи за набавка на услуги – ангажирање на ментори / новинари за спроведување на практикантска програма**

За потребите на проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство“, спроведен е повик за набавка на услуги – ангажирање на **ментори / новинари за спроведување на практикантска програма.**

Постапката за избор на понудувачи се одвива според Договорот за грант, во согласност со принципите за набавка на услуги.

Набавката е неделива.

Утврдено е дека најповолниот понудувач потребно е да се избере според следниве критериуми:

- Квалитет ................................. 70 бодови

- Цена ....................................... 30 бодови

Од потенцијалните понудувачи е побарано да поднесат понуда заверена од добавувачот со печат и потпис, на адреса бул. Браќа Гиноски бр. 61, 1230, Гостивар или скенирана на е-пошта: community.mediadev@gmail.com, **до 29.02.2024 година до 16:00 часот**, која задолжително ја содржи подолу наведената документација:

- Преглед на реализирани услуги (документ во прилог, прилог 1);
- Финансиска понуда (документ во прилог, прилог 2);
- Кратка биографија на експертот (документ во прилог, прилог 3).
- Најмалку 2 (две) препораки за реализирани слични активности.

Врз основа на тоа се изработени следниве критериуми за оценување:

| **Евалуација** | **Максимум можни бодови** |
|---|---|
| Биографија на апликантите | 35 |
| Искуство во слични задачи и референци | 35 |
| Финансиска понуда | 30 |
| **Вкупно бодови за квалитативна и финансиска евалуација** | **100** |

Ќе се избере понудувачот кој ќе добие вкупно најмногу бодови.